
Девицата од борделот

Ѝ благодарам на Стефани, мојата (со причина) најнемилосрдна читателка.

**ИБЕР**

Фала им на Приски и Гај кои нè запознаа. Фала за нашите пријатели чија одушевеност од *Госпоѓицата Недопирка* нè одржуваше, а особено на Делфи, Жерар, Фабијан, Жулиет, Паулин Б., Гијом, Николас, на сите членови на „Ателје на ќош“, Паулин М. Иднината нека им даде за право!

**МАРИ, СЕБАСТИЈАН И ИБЕР**




МРАЗАМ КОГА АГАТА НАВЕЧЕР ИЗЛЕГУВА И МЕ ОСТАВА САМА.
НИКОГАШ НЕ РАЗБРАВ ЗОШТО ТОЛКУ САКА ИГРАНКИ. ВЕЛИ ДЕКА СЕ ЗАБАВНИ. ИСКРЕНО, МЕНЕ НИШТО НЕ МИ ЗНАЧАТ.
УФ, СЕ КАПАМ ВО ПОТ. НАЛЕТАВ НА СПОРТИСТ. НЕ БЕВ СИГУРНА ДАЛИ ЌЕ ПРЕЖИВЕАМ.
ШТО СЕ ЖАЛИШ, МЕНЕ ОНОЈ МОЈОТ ЦЕЛАТА МЕ ИЗГАЗИ.
КАКО ТОА ДВЕ УБАВИЦИ...
А НЕ, ЈАС ОВАА ЈА СКОКАМ!
ГОСПОЃИЦЕ, НЕМОЈТЕ ДА МИ ГО ГАЗИТЕ СРЦЕТО.
АКО НЕ САКАТЕ ДА ГО ГАЗИМЕ, НЕМОЈТЕ ДА НИ ГО ФРЛАТЕ ПРЕД НОЗЕ!
ОДИМЕ? ДОВОЛНО ТАНЦУВАВ ВЕЧЕРВА.


МЕ УБИВА ПОМИСЛАТА ДЕКА МОРАМЕ ДА ПЕШАЧИМЕ ДО ПАРИЗ.
МА! УТРЕ Е НЕДЕЛА. ЌЕ ИМАМЕ ВРЕМЕ ЗА ОДМОР.
ЕХ, ПАК НЕ ГО ЗАПОЗНАВ СВОЈОТ ПРИНЦ НА БЕЛ КОЊ.
ВЕЧЕРВА ТОА ПОВЕЌЕ БЕА КРАСТАВИ ЖАБИ.
ТИЕ КИЦОШИ МИСЛАТ ДЕКА СЕ НЕОДОЛИВИ. ЌЕ ТИ ГО ПРИЛЕПАТ СВОЈОТ ПАКЕТ ЗА СТОМАКОТ И ПОТОА ТИ РАБОТИ.
ТОА НЕ МОРА ДА БИДЕ НЕПРИЈАТНО.
КАКО МОЖЕТЕ, ГОСПОЃИЦЕ! ВИЕ СТЕ ЕДНА ИЗГУБЕНА ДЕВОЈКА.
НЕ СУМ ИЗГУБЕНА ЗА СЕКОГО! НЕКОИ, ЗНАЕШ, МОШНЕ ЛЕСНО МЕ ПРОНАШЛЕ.
ОХ, МАНГУПКЕ! САКАШ ДА РЕЧЕШ ДЕКА...
НИШТО ПОВЕЌЕ НЕМА ДА ТИ РЕЧАМ! ДАЛИ ТИ СÈ УШТЕ ГО ЧУВАШ СВОЕТО ЦВЕТЧЕ?
МАЛКУ СИ ИГРАВ, НО НАЈБИТНОТО МИ Е СОЧУВАНО.
ПФФ! БИТНОТО? ЈАДНИЦЕ, НЕМАШ ПОИМ ШТО ПРОПУШТАШ!
ЗБОРУВАЈ!
А НЕ! ТОГАШ ЌЕ МУ СЕ ДАДЕШ НА ПРВИОТ ШТО ЌЕ НАЛЕТА, И ЈАС ЌЕ БИДАМ КРИВА.
НЕ ТИ ВЕРУВАМ, СЕКОГАШ МИ ЗБОРУВАЛЕ ДЕКА НЕ Е ТАКА...
КРЦ!
СЛУШНА?
НЕКОЈ ОД ОНИЕ НА КОИ СИ ИМ ГО ДОПРЕЛА СРЦЕТО?
БАШ И НЕ МЕ ТЕШИШ.




3


ЕВГЕНИА, ОДГОВОРИ МИ, ТЕ МОЛАМ!!!
ОВДЕ СУМ, АГАТА!
ПРОСТАК! МЕ ЅВИЗНА И МИ ЈА УКРАДЕ ТОРБАТА.
НИШТО НЕ ТИ НАПРАВИ?
НЕ. СЕ ИСПЛАШИВ, НО САКАШЕ САМО ПАРИ. ПРОСТАК! НЕМАВ МНОГУ ПАРИ, НО СИ ЈА САКАВ ТОРБАТА!
МИСЛАМ ДЕКА ТОА БЕШЕ... МА ЗНАЕШ... ЛУДАК.
ЧЕВЛИТЕ МИ СЕ ПОЛНИ СО КАЛ!
НЕМОЈ ДА СЕ ЖАЛИШ, ГО СОЧУВА НАЈВАЖНОТО-СÈ УШТЕ ГИ ИМАШ ТОРБАТА И ЦВЕТЧЕТО. ДАЈ МИ ЦИГАРА.
НЕМОЈ НА СЕСТРА МИ ДА Ѝ КАЖЕШ ЗА ОВА. ПАК ЌЕ МИ НАПРАВИ СЦЕНА.



АГАТА МИ Е ЕДИНСТВЕНОТ СЕМЕЈСТВО, ТАА ТВРДИ ДЕКА ТОА НЕ Е ПРИЧИНА СТАЛНО ДА Ѝ ВИСАМ.
ЧУДНО, НЕ МИ РАСКАЖА КАКО БЕШЕ СНОШТИ.
АХ, МА ЗНАЕШ, СЕКОГАШ ТОА ТА ТОА, ИСТОТО.
НЕШТО КРИЕШ. ВО КУТИЈАТА ЗА ШЕШИРИ ТИ ГИ НАЈДОВ ЧЕВЛИТЕ, СОСЕМ КАЛЛИВИ.
НЕ ВЕРУВАМ! МИ КОПАШ ПО РАБОТИТЕ?!
НЕ СИ ГИ ВИДЕЛА ВЕСНИЦИТЕ? НА БРЕГОТ НАШЛЕ УШТЕ ЕДНА ПАРЧОСАНА ДЕВОЈКА. МЕСАРОТ ОД ИГРАНКАТА...
ТОА Е СТВАРНО ТАЖНО, НО НЕ ГЛЕДАМ КАКВА ВРСКА ИМА...
И ОВОЈПАТ СТАНУВА ЗБОР ЗА МЛАДА, ПОМОДНА ДЕВОЈКА ОД ДВАЕСЕТ ГОДИНИ... ОТИШЛА НА ИГРАНКА И НИКОГАШ НЕ СЕ ВРАТИЛА. ТИ ВЕЌЕ НЕ СМЕЕШ ДА ОДИШ ТАМУ!
ДОБРИ ЛУЃЕ, НЕ ПУШТАЈТЕ ГИ ЌЕРКИТЕ НАДВОР НАВЕЧЕР, ЌЕ ЗАВРШАТ КАКО МЕЛЕНО МЕСО!
МЕСАРОТ ОД ИГРАНКАТА, КРВНИКОТ НА МЛАДИ РАЗУЗДАНИ СОБАРКИ! ВИСТИНСКА ЗАКАНА ЗА ГРЕШНИЦИТЕ.
СВЕШТЕНСТВОТО ЌЕ ТРЕБА ДА Е ЗАДОВОЛНО: ИМААТ НОВА ТЕМА ЗА ПРОПОВЕДАЊЕ. УШТЕ ЌЕ СЕ ПОКАЖЕ ДЕКА ТИЕ СТОЈАТ ЗАД СÈ!
ТУКА НЕМА НИШТО СМЕШНО. СЕ ГРИЖАМ ЗА ТЕБЕ. ТОА НЕ Е НОРМАЛНО.
АКО СЕ ПЛАШИШ ЗА МЕНЕ, ЗОШТО НЕ ДОЈДЕШ СО МЕНЕ НА ТАНЦ? ДОБРО ЌЕ ТИ ДОЈДЕ!
НЕ МОЖАМ...
СИГУРНА СУМ ДЕКА ЌЕ ТИ СЕ ДОПАДНЕ!
И ОНАКА СУМ ПРЕГРДА.
ГЛУПОСТИ! САМО ПОТРУДИ СЕ МАЛКУ, БЛЕСАЧО!
ПРЕСТАНИ ТАКА ДА МЕ НАРЕКУВАШ!
БЛЕСАЧА! БЛЕСАЧА!
ЌЕ ВИДИШ КОГА ЌЕ ТЕ ДОФАТАМ!
ПОМОШ! МЕ ЛОВИ МЕСАРОТ ОД ИГРАНКАТА!


ХА
ХА
ХА
АГАТА! БЛАНШ! ВЕ МОЛАМ, ВЕДНАШ ДОЈДЕТЕ ВО САЛОНОТ!
ПО ЃАВОЛИТЕ, МИ ЈА РАСИПА ФРИЗУРАТА! ГРОЗНА СУМ.
МА... НЕ СИ ПОЛОША ОД ОБИЧНО.
ПОВИКАВТЕ, ГОСПОЃО?
ГОСПОЃИЦЕ, ПОНЕДЕЛНИК Е, НЕ?
ДА, ГОСПОЃО.
А ВО ПОНЕДЕЛНИК СЕ МИЈАТ ПРОЗОРЦИТЕ.
ГИ ИЗМИВМЕ, ГОСПОЃО.
ПОГЛЕДНЕТЕ САМО. СЕ ГЛЕДААТ ТРАГИ. НИТУ Е ЧИСТО, НИТУ Е ВАЛКАНО.
ДА, ГОСПОЃО.
ТОГАШ? ШТО ЧЕКАТЕ? НЕВЕРОЈАТНО, СЕКОГАШ МОРАМ ДА ВЕ НАДГЛЕДУВАМ.
НАШАТА ГАЗДАРИЦА НЕ Е ЗЛА ЖЕНА. САМО Ѝ Е ДОСАДНО. А ДОСАДАТА Е СТРАШНА.
УБАВА ГЛЕТКА.
ДРАГА ГОСПОЃО СО УБАВИ ЛИСТОВИ, ДОЗВОЛЕТЕ МИ ДА ГО ИЗРАЗАМ СВОЈОТ ПЛАМ.
АХ, НЕ МОРАТЕ ДА СЕ СИМНУВАТЕ. МОЖЕВ ДА ВИ СЕ ПРИДРУЖАМ ГОРЕ.
ШЛАК!!
ЗА ЖАЛ, НАПАДНАВТЕ ОТЕЛОТВОРЕНИЕ НА ДЕВСТВЕНОСТ. БЕЗНАДЕЖЕН СЛУЧАЈ.
ПОДОБРО ТРИЈ, НАМЕСТО ШТО БАМБОРИШ ГЛУПОСТИ.


ГАЗДАРИЦАТА НИ ИЗНАЈМУВА СОБА ВО ПОТКРОВЈЕТО.
ЕДИНСТВЕНИОТ ПРОБЛЕМ Е ВО ТОА ШТО, ПО ИЗГРАДБАТА НА МЕТРОТО, МНОГУ ЗГРАДИ НАПУКНАА. ОНАА ДО НАС ДУРИ ЈА ЗАЅИДАА, ПОРАДИ ОПАСНОСТ ОД УРУШУВАЊЕ.
НЕ МОЖЕТЕ НИ ДА ЗАМИСЛИТЕ ШТО СЀ МОЖЕ ДА НАПРАВИ ЕДНА ПУКНАТИНА.
TAP TAP TAP
АГАТА, СПИЕШ?
МММ, А?
СЛУШНАВ ЗВУЦИ ОД ДРУГАТА СТРАНА. ...ЧЕКОРИ...
СИ СОНУВАЛА, НЕМА НИКОЈ, ЗГРАДАТА Е ЗАЅИДАНА. МОЖЕБИ Е СТАОРЕЦ.
НЕ БЕШЕ СТАОРЕЦ. БЕШЕ НЕКОЈ.
СЕЕДНО. ОД ДРУГАТА СТРАНА НА ЅИДОТ Е. НЕМА ДА ТЕ ИЗЕДЕ!
АЈДЕ, СПИЈ.
СТВАРНО ТРЕБА ДА СЕ ПРЕСЕЛИМЕ.


НЕМОЈ ДА МИ КАЖЕШ ДЕКА ПЛАНИРАШ ИЗЛЕГУВАЊЕ ПОСЛЕ ОНА ШТО ВИ СЕ СЛУЧИ МИНАТИОТ ПАТ!
НЕ ЗНАМ ЗА ШТО ЗБОРУВАШ.
ЕВГЕНИА СÈ МИ РАСКАЖА.
ТАА НЕ ЗНАЕ ДА ЌУТИ.
КУ-КУ, ЛУЃЕ.
КАКОВ СРДЕЧЕН ПРЕЧЕК! ДЕВОЈКАТА ВЕДНАШ ЖИВНУВА...
СО ТЕБЕ НЕ РАЗГОВАРАМ, ПРЕДАВНИЧКЕ!
ДОБРО, АКО СИТЕ ГО ПОДИГНАЛЕ НОСОТ, СЕ ВРАЌАМ ДОМА И ТОЧКА.
ТРЕС!
НЕ СЕ РАДУВАЈ ПРЕРАНО, УШТЕ НЕ СИ ПОБЕДИЛА.
ЕВГЕНИА!
ЧЕКАЈ МЕ! ДОАГАМ.
8



ААААХХ!
АААХ
ЗНАЕВ ДЕКА ИМА НЕКОЈ ОД ДРУГАТА СТРАНА!
ОДВРАТНО! МОЖЕА ДА БИДАТ МАЛКУ ПОДИСКРЕТНИ.
АААААААА АА АА ААХХХХХ
...И ТОА ТРАЕ...
ПФФФ...
АААХХ
НЕ, ВЕ ПРЕКОЛНУВАМ! ВИ СЕ КОЛНАМ ДЕКА НИКОМУ НИШТО НЕ СУМ РЕКЛА...
АХХХ!


ОДВРАТЕН СИ...
ЦРКНА. РЕШИ СЕ ОД ТЕЛОТО.
ЗОШТО СЕКОГАШ ЈАС СЕ БАФТАМ СО ЛЕШЕВИТЕ? ВПРОЧЕМ, ТАА НЕ Е СОБАРКА. НА ПОЛИЦИЈАТА ТОА ЌЕ И БИДЕ ЧУДНО. ДА ЈА ФРЛИМЕ ВО КАНАЛ?
АЈ НЕ КОМПЛИЦИРАЈ! ЌЕ ПРАВИМЕ ПО СТАРО: ПАРЧОСАЈ ЈА И ФРЛИ ЈА КРАЈ ПРОСТОРОТ ЗА ИГРАНКИ. ПОЛИЦИЈАТА НЕМА ПОНАТАМУ ДА ИСТРАЖУВА.
МЕСАРОТ ОД ИГРАНКАТА!
ЕЈ! ДОЈДИ ДА ВИДИШ!
ШТО?
ВО ЅИДОТ ИМА СВЕЖА ДУПКА. БИ ЈА СТАВИЛ РАКАТА ВО ОГАН ДЕКА ПРЕД МАЛКУ НЕ БЕШЕ ТАМУ.
10


АГАТА!
ШТО ПРАВИШ ТИ ОВДЕ?
НЕ ПЛАЧИ. СÈ ЌЕ МИ РАСКАЖЕШ. ЌЕ ТИ БИДЕ ПОДОБРО.
БЕШЕ УЖАСНО.
НЕ, ОДИМЕ!
МА АЈДЕ. ТОА Е НЕВОЗМОЖНО. ПАК ГРДО СИ СОНУВАЛА. КАКО ТОГАШ КОГА МИСЛЕШЕ ДЕКА ГОСПОЃАТА СЕ ОБИДУВА ДА НÈ ОТРУЕ.
ТЕ ПОТСЕТУВАМ ДЕКА ЖИВЕЕМЕ ОВДЕ.
ЈАС НЕ ВЛЕГУВАМ.



БАНГ!!
...
12


ГОСПОЃО! РАЗБУДЕТЕ СЕ!
ЈА УБИЈА АГАТА! ВИКАЈТЕ ПОЛИЦИЈА!
СМИРИ СЕ, МАЛЕЧКА...
ЕНЕ ТАМУ... ПУКАА НИЗ ПУКНАТИНАТА... АГАТА... ЈАС... МУ ГО ВИДОВ ЛИЦЕТО...
НО... НЕЕЕ.
ПА, МЕНЕ ОВА МИ ИЗГЛЕДА КАКО САМОУБИСТВО.
НЕ, НЕ. НЕМАШЕ ПИШТОЛ!... ПУКНАТИНА... М... МЕСАРИ!
НЕ СЕ ВОЗБУДУВАЈТЕ, ГОСПОЃИЦЕ, КОЛЕГИТЕ ОТИДОА ДА ПОГЛЕДНАТ И ОД ДРУГАТА СТРАНА.
И?
НИШТО. ПРАЗНО Е. НИ ТРАГА.
НЕ! ТОА НЕ Е ВИСТИНА! БЕА ТАМУ!
СЛУШАЈТЕ, ДЕТЕ МОЕ. ВЕ РАЗБИРАМ ДЕКА САМОУБИСТВОТО НА СЕСТРАТА ВЕ ПОТРЕСЛО, НО ОТАДЕ НЕМА НИКАКОВ МЕСАР ОД ИГРАНКАТА. САМО ЗАМИСЛУВАТЕ.
НЕ СЕ УБИ, ТОА БЕШЕ МЕСАРОТ. СЀ ВИДОВ НИЗ ПУКНАТИНАТА.

13


...ГО ВИДОВ.
...НЕ СУМ ЛУДА.
ЕВЕ ГИ ПЛАТИТЕ ЗА ТЕБЕ И СЕСТРА ТИ. РАЗБИРАТЕ ДЕКА ВЕЌЕ НЕ МОЖЕТЕ ДА РАБОТИТЕ ЗА МЕНЕ. ОВА Е УГЛЕДНА КУЌА, А ТАКОВ СКАНДАЛ...
ЌЕ ВЕ ЗАМОЛАМ ДА МИ ГИ ВРАТИТЕ КЛУЧЕВИТЕ.
БЛАНШ?
ТРЕС!
14
АГАТА...
ШТО ЌЕ ПРАВАМ ЈАС БЕЗ ТЕБЕ?
14